РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 04- 926/10
22.06. 2023 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Јегуновце, на ден 22.06.2023 год., донесе

О Д Л У К А
За избор на кандидат
по Интерен оглас бр. 02/2023

1. За извршител на работното место број 1 по Интерен оглас бр. 02/2023 за унапредување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место **Советник за комунални работи** во Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој, со шифра на работно место УПР 0101 В01 000, се избира кандидатот **Анита Костадиноска**.

2. Во рок од пет дена по конечноста на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Јегуновце ќе донесе Решение за унапредување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на интернет страницата на Општина Јегуновце.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 14.06.2023 год., на интернет страницата на Агенцијата за администрација и на интернет страницата на Општина Јегуновце беше објавен Интерен оглас бр. 02/2023, за унапредување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место **Советник за комунални работи** во Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој, со шифра на работно место УПР 0101 В01 000.

Со решение бр.04-926/7 од 19.06.2023 година, од страна на Општина Јегуновце, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници по Интерен оглас бр.02/2023, која ја спроведе постапката за селекција за унапредување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од извршената административна селекција за Интерен оглас бр.02/2023, заверен со архивски бр.04-926/8 од 21.06.2023 год., како и Записник од спроведување на интервју, заверен со архивски бр.04-926/9 од 21.06.2023 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција изготвена е финална ранг листа на кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат за унапредување на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место бр.1 од Интерен оглас бр.02/2023 и истите се доставени до Градоначалникот на Општина Јегуновце.

Согласно предлогот за вработување на кандидати по Интерен оглас бр.02/2023, заверен со архивски бр.04-926/9 од 21.06.2023 год., Градоначалникот на Општина Јегуновце донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Општина Јегуновце.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT * ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ * KOMUNA E JEGUNOVCIT * ЈЕГУНОВЦЕ JEGUNOVC